С. Спировска 14/03/2016 (73)

[redacted]

# Република Македонија
# Министерство за животна средина и просторно планирање

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Архивски број: 11-1427/2
Дата: 09 03 2016

До : **Министерството за транспорт и врски**
**ул. "Даме Груев" бр.6**
**Скопје**

11. 03. 2016 39-3945

**Предмет:** **Достава на Решение за издавање на согласност за спроведување на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево**

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност за спроведување на проектот - ""Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Nurhan Izairi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * СКОПЈЕ *

Подготвил: м-р Зоран Бошев
Контролирал/Согласен: Александар Петковски
Одобрил: в.д.Директор на управа за животна средина
Даниел Ефтимов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-1427/2 од 09.03.2016 2016 година
Скопје

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015 и 129/2015), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, врз основа на барањето на инвеститорот Влада на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски – Скопје.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување и мониторинг на животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## *Образложение*

Инвеститорот Влада на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски – Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 02.10.2015 година ја достави Студија за оцена на влијанието врз животната средина за изведба на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево со архивски број 11-7687/1.

Студијата е изготвена од страна на консултантската фирма "ТЕХНОЛАБ" ДОО од Скопје од 2011 година, со назначено одговорно лице м-р Магдалена Трајковска Трпевска – Експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина.

Целта на Проектот поднесен од страна на инвеститорот е изведување на проектот "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево. Влада на Република Македонија согласно Стратегијата за развој на енергетиката планира да изгради комплексен гасификационен систем кој треба да се воспостави на целата територија на Република Македонија, а со употребата на природниот гас значително ќе се намали емисијата на загадувачките супстанции во воздухот особено доколку неговото користење е замена за електричната енергија добиена од јаглен. Проектот "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делницата за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево е со должина 110,70 km и со пречник Ф 500mm. Трасата започнува од јужната страна на селото Брњарци, во близина на локалниот пат Стајковци – Арачиново кај приклучокот на постоечката гасоводна гранка "Скопје Југ" (гранката која води кон фабриката ОХИС). Завршува североисточно од Кичево во близина на фудбалскиот стадион и речното корито на Зајска река.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија и геологија, влијанија врз почвата, врз површинските и подземните води, квалитетот на воздухот, од управувањето со отпад, биолошката и пределската разновидност, влијанијата предизвикани од бучава и вибрации, социо-економската состојба, населението и човековото здравје како и влијанијата врз археолошко и културно – историското наследство. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на изградба и оперативната фаза на инсталацијата како и анализа на ризиците и мерки за непредвидени незгоди, кои според наша оцена се соодветни и апликативни. Во Студијата за ОВЖС предложени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија на проектот врз животната средина како и план за управување со животната средина.

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015 и 129/2015) се одржаа јавни расправи по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево на ден 02 ноември 2015 година (понеделник) во Големата сала за седници на Советот на Град Скопје во Скопје со почеток во 12.00 часот, на 03 ноември 2015 година (вторник) во Салата на Советот на Општина Тетово со почеток во 10 и 30 часот во Општина Тетово и на 03 ноември 2015 година (вторник) во Салата на Советот на Општина Гостивар со почеток во

14.00 часот во Општина Гостивар и на 04 ноември 2015 година (среда) во Салата за состаноци на Советот на Општина Кичево со почеток во 12.00 часот во Општина Кичево.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, по спроведените јавни расправи, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) на ден 17.02.2015 година го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

**МИНИСТЕР**
**Nurhan Izairi**

Република Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

Подготвил: м-р Зоран Бошев
Контролирал/Согласен: Александар Петковски
Одобрил: в.д.Директор на управа за животна средина
Даниел Ефтимов